**ЗАПИСНИК**
**од прво продолжение на 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 14.05.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: д-р Милаим Фетаи

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, м-р Ивона Муфишева Алексовска, м-р Агенд Џелили.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 19-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски информира дека г-дин Фетаи не е приклучен преку видео конференциска врска. Објасни дека причините за неговото отсуство од седницата не му се познати, можеби има технички или друг проблем но постои можност да се приклучи во текот на седницата. Во врска со Дневниот ред рече дека ќе се разгледува една единствена точка која беше одложена, а тоа е Предлог-записникот од 18-та седница одржана на 06.05.2020 година.

Г-дин Јанчески имаше забелешка но таа се однесуваше на Предлог-записникот од 19-та седница.

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 18-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 06.05.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Бр.** 02-2077/4
04.06 **2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**